РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-15
16.07.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПУЛС ДООЕЛ Кавадарци**

**За**

**Предмет: Известување за пристигната Претставка**

Почитувана г·

Во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пристигна Претставка од група граѓани на Општина Неготино (наш број УПП 03-15 од 09.07.2025 година). Тие, како редовни слушатели на Вашата програма, реагираат до Агенцијата за тоа дека подолг временски период не ја почитувате Вашата програмска шема, односно емитувате само музика и реклами, а воопшто не емитувате програма со информативни, забавни и културни содржини. Поради тоа, граѓаните наведуваат дека се чувствуваат медиумски обесправени и лишени од добивање информации за настани и случувања во нивната општина.

Ве потсетуваме дека согласно добиената дозвола за вршење радиодифузна дејност, ТРД РАДИО ПУЛС Кавадарци е музичко-говорно радио од општ формат и има обврска неделно да емитува 12 часа и 30 минути говор. Како што сте пријавиле во Вашиот програмски концепт, говорот ќе се состои од програма со информативна, забавна и образовна функција, вклучувајќи и програма од областа на културата, уметноста и хуманистичките науки. Во него, исто така е наведено дека на неделно ниво ќе емитувате и 5 часа информации од значење за подрачјето во кое го емитувате програмскиот сервис.

Ве известуваме дека треба веднаш да ја прилагодите Вашата програма согласно доделената дозвола за вршење радиодифузна дејност, а АВМУ во најскоро време ќе направи надзор врз програмата и, доколку работите надвор од форматот за кој сте добиле дозвола, ќе преземе законски мерки.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**